

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**ноември, 2022 година**

## СОДРЖИНА

Резиме ...... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ...... 3

Број на работници во индустријата ...... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ...... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ...... 5

Инфлација ...... 6

Берзански цени ...... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ...... 9

Увоз ...... 11

Салдо на трговска размена ...... 11

Валутна структура ...... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ...... 12

Буџетски расходи според економската класификација ...... 14

Расходи по буџетски корисници ...... 15

Буџетско салдо ...... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ...... 17

Плати ...... 18

Пензии ...... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ...... 19

Депозитен потенцијал ...... 19

Кредити на банките ...... 21

Каматни стапки на депозитни банки ...... 21

Пазар на капитал ...... 21

Девизни резерви ...... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2022 година

- Индустриското производство во ноември 2022 година забележа пад од 3,7% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во ноември регистрираа годишен раст од 19,5% (19,8% во октомври 2022 година) што преставува одредено забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво се зголемија за о,5%;

- Во периодот јануари - ноември 2022 година извозот забележа раст од 20,8%, а увозот раст од 27,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 46,4%, споредено со истиот период од 2021 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2022 година изнесуваа 219.316 милиони денари, односно 26,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,3% во однос на истиот период од 2021 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2022 година изнесуваа 243.141 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што е за 7,1% повеќе во споредба со истиот период претходната година;

- Вкупните кредити на банките во ноември 2022 година се зголемија за 9,6% во споредба со ноември 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2022 година забележа пад од 3,7% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во ноември 2022 година се должи на намаленото производство во секторите: Рударство и вадење на камен (за 4,7%) и Преработувачка индустрија (5,6%), додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 15,6%.




Раст на производството во ноември 2022 година бележат 11 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 41,8% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во ноември 2022 година е забележан кај производството на машини и уреди, раст од 51,2% со придонес од 3,5 п.п., додека производството на моторни возила, приколки и полуприколки бележи намалување од 14,6% со придонес од -1,2 п.п. и производството на електрична опрема бележи пад од 6,2% со придонес од -0,4 п.п..




Од традиционалните гранки во ноември 2022 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производството на текстил регистрираше раст од 9,2% со придонес од 0,5 п.п., производството на облека се зголеми за 0,8% со придонес од 0,1 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута бележи раст од 65,1% со придонес од 0,4 п.п., додека прехранбената индустрија регистрираше пад од 10,7% со придонес од -1,1 п.п., производството на пијалаци бележи намалување од 17,0% и придонес од -0,7 п.п., производството на тутунски производи се намали за 84,7% со придонес од -1,8 п.п. и производството на кожа се намали за 26,8% со придонес од -0,2 п.п..



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0



Графикон 13а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, ноември 2022 година)



Графикон 13б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, ноември 2022 година)

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во ноември 2022 година е последица на намаленото производство кај следните гранки: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 9,5%, придонес од -3,2 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,8% со придонес од -2,0 п.п.), додека зголемување на производството бележат гранките: Енергија (раст од 9,2% со придонес од 0,9 п.п.), Капитални производи (раст од 1,7% со придонес од 0,3 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 0,3% и придонес од 0,0 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2022 година индустријата забележа пад од 0,1%, што се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 0,9% (придонес од -0,8 п.п.), додека секторот Рударство и вадење камен не бележи промена во споредба со истиот период од претходната година, а Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 7,0% (придонес од 0,6 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има Производство на машини и уреди од 0,8 п.п. при раст од 12,5%.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – ноември 2022 година е регистриран во гранките Енергија (8,6%), Капитални производи (6,6%) и Трајни производи за широка потрошувачка (17,1%), додека гранките Интермедијарни производи, освен енергија и Нетрајни производи за широка потрошувачка бележат пад од 6,3 % и 2,2%, соодветно.

## Број на работници во индустријата



Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата (стапки на раст во %)

Бројот на работници во индустријата во ноември 2022 година е зголемен за 1,2%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,7%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 4,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производство на тутунски производи со раст од 41,2%, производство на компјутерски, електронски и оптички

производи со раст од 17,9%, производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 13,2% и производство на електрична опрема со раст од 9,3%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите Интермедијарни производи, освен енергија од 1,1% и Капитални производи од 10,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2022 година бележи пад од 1,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење на камен од 3,2%, Преработувачка индустрија од 0,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,2%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2022 година е намален во групите Енергија и Нетрајни производи за 5,6% и 5,4% соодветно.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2022 година е поповолна споредено со октомври 2022 година, а понеповолна и во однос на истиот месец од 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 67,3% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец, кога изнесувало 66,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 2,3 п.п..




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,2%, недоволната странска побарувачка со 16,3%, неизвесното економско опкружување со 16,1% и недоволната домашна побарувачка со 12,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2022 година во однос на октомври 2022 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се непроменети во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2022 година издадени се вкупно 354 одобренија за градење, што претставува пад од 12,8% во однос на истиот месец од 2021 година. Споредено со октомври 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 5,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2022 година на годишна основа е пониска за 6,7%, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 38,0%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 156 (или 44,1%) се наменети за објекти од високоградба, 119 (или 33,6%) за објекти од нискоградба и 79 (или 22,3%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 354 издадени одобренија за градба, на 176 објекти (или 49,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 178 објекти (или 50,3%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во ноември 2022 година предвидена е изградба на 621 стана со вкупна корисна површина од 53.383 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 11,2%, а на годишно ниво за 51,6%.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите
(број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (ноември 2022)




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
(во милиони денари)




## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември регистрираа годишен раст од 19,5% (19,8% во октомври 2022 година) што преставува одредено забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Растот на стапката на инфалција во главно се должи на растот на цените на храната која регистрира зголемување како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на примарните производи на светските берзи, како и растот на цените на енергенсите. Цените на енергенсите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на цените на струјата со одлука на РКЕ во два наврати, односно зголемување на цените на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа во јануари, и воведувањето на

новиот блок тарифен модел цената на електричната енергија за домаќинствата кој важи од 01.07.2022 година. Во мал придонес се одразија и одлуките на РКЕ за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05% во јануари 2022 година и 14,18% во август 2022 година.

Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во ноември регистрира зголемување од 9,8% на годишна основа (9,2% претходниот месец), при што најголем позитивен придонес имаат на зголемените цени на ресторанитe и хотелите.

Кумулативно, во првите единаесет месеци од 2022 година стапката на инфлација изнесува 13,8%

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (11,9 п.п. придонес во раст во ноември) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 29,8% (31,2% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: цените на лебот и житните производи (годишен раст од 42,5%, придонес 3,3 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 39,3%, придонес 2,8 п.п.), месото (годишен раст од 29,1%, придонес 2,5 п.п.) и зеленчукот (годишен раст од 22,7%, придонес 1,1 п.п.). Цените на маслото во ноември регистрираа зголемување од 30,8%.



Графикон 1.9: Инфлација според COICOP
(стапки на раст во %)
Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во ноември 2022 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 21,3%. Раст на цените е регистриран сите категории, и тоа: Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 20,0%, Транспорт од 16,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 14,7%, Разновидни стоки и услуги од 13,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 9,0%, Здравствена заштита од 4,8%, Рекреација и култура од 4,2%, Облека и обувки од 3,1%, Комуникации од 1,1% и Образование од 0,2%.



Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(придонеси во п.п.)
Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во ноември 2022 година се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец, што преставува забавување на растот на месечно ниво (во октомври беше регистриран месечен раст од 1,4%).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Најголем придонес кон растот на потрошувачките цени на месечно ниво имаше категоријата Храна и безалкохолни пијалаци (0,2 п.п.) и истата регистрираше раст од 0,4% што претставува значително забавување на растот (2,8% во октомври), на месечно ниво најголем придонес кон растот има месото (0,2 п.п, месечен раст од 2,6%). Цените на овошјето и маслото регистрира пад од 6,7% и 5,0%,соодветно.

Раст на цените има во повеќе категории и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 2,1%, Разновидни стоки и услуги од 1,2%, Рекреација и култура од 1,0% Транспорт од 0,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5%, Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива и Здравствена заштита од по 0,4%, Ресторани и хотели од 0,3% и Облека и обувки и Комуникации од по 0,2%. Цените во категоријата Образование останаа непоменети.

Во ноември 2022 година цените на мало се зголемија за 15,2% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,2%. Кумулативно, во првите единаесет месеци од 2022 година цените на мало се зголемија за 12,4% во однос на истиот период минатата година.

Во Еврозоната стапката на инфлација во ноември 2022 година се очекува да регистрира одредено забавување на растот и да изнесува 10,0% (10,6% во октомври). Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 34,9% (41,5% во октомври), следен од порастот на цените на храна, алкохол и тутун од 13,6% (13,1% во октомври), неенергетските индустриски добра од 6,1% (6,1% во октомври) и услугите од 4,2% (4,3% во октомври). Согласно остварените стапки на раст како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше во нагорна насока стапката на инфлација и согласно проекциите од септември стапката на инфлација во 2022 година би достигнала 8,1%, 5,5% во 2023 и 2,3% во 2024.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2022 година на месечно ниво регистрираше пад од 2,2% и изнесува 91,2 долари за барел (четврти месец по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари годинава како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји против Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања за глобална рецесија и воведените карантини во Кина кои можат да предизвикаат намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 12,8%.

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во ноември 2022 година, цената на природниот гас регистрираше пад од 8,0% на месечно ниво. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, со што трендот на раст продолжи со зголемен интензитет во 2022 година со нападот на Русија врз Украина. Ограничената испорака на руски природен гас во Европа предизвика рекорден раст на неговата цена. Во август 2022 година цената на гасот беше највисока оваа година, меѓутоа во септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас, трендот на пад продолжи и во ноември На годишно ниво, цената на природниот гас во ноември регистрираше зголемување од 22,0%.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во ноември 2022 година изнесува 222,7 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 14,8% по рекордниот раст на цената во август кога изнесуваше 495,3 евра за мегават/час. На годишно ниво во ноември цената на електричната енергија регистрираше раст од 3,2%.

Во ноември цените на основните метали бележат месечен раст освен цената на цинкот која за намали за 1,0%. Така цената на алуминиумот се зголеми за 4,2%, на бакарот за 5,2%, на оловото за 5,0%, на калајот за 9,6% и на никелот за 16%.. Цената на железната руда регистрираше раст од 0,8%.

Од почетокот на 2022 година цената на златото регистрираше нагорни стапки на движење, меѓутоа во април истата регистрираше пад кој траеше до јули, за да во август забележи раст и во септември и октомври регистрираше намалување, но во ноември цената на златото се врати на патеката на раст и е зголемена за 3,6%. Во ноември трендот на раст на месечно ниво го следеа и останатите благородни материјали, па така цените на среброто и платината се зголемија за 8,1% и 8,2%, соодветно.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во ноември 2022 година се намали за 6,6% на месечна основа, а цената на сончогледовото масло регистрираше пад од 0,9% во споредба со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите единаесет месеци од 2022 година изнесува 18.759,4 милиони евра и бележи раст од 24,9% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари - ноември 2022 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,3 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 59,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2022 година изнесува 23,3% и е намалено за 2,3 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.




### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2022 година, изнесува 7.649,4 милиони евра и бележи раст од 20,8% (1.319,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 1,5%.




Вредноста на извезените стоки во ноември 2022 година изнесува 717,4 милиони евра и бележи раст од 16,8% (103,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 12,6% споредено со ноември од 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2022 година извозот бележи пад од 7,4% (57,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на

[1]Започнувајќи од ноември2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

извозот, истиот регистрира месечен пад од 4,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,6 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2022 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 64,1% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - ноември 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите-извозници на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 22,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 24,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,3% и 12,0%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - ноември 2022 година изнесува 11.110,0 милиони евра и бележи раст од 27,8% (2.415,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 7,4%.




Вредноста на увозот во ноември 2022 година изнесува 999,8 милиони евра, што претставува раст од 13,9% (121,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се намалени за 23,7% споредено со ноември 2021 година.

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2022 година увозот бележи пад од 9,8% (108,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 4,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (5,5 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 151,0 | 140,2 | -10,8 | -7,2 |
| Мил.ЕУР | 73,9 | 140,1 | 66,2 | 89,5 |
| Мил.$ | 87,5 | 147,1 | 59,6 | 68,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.055,1 | 1.173,8 | 118,7 | 11,2 |
| Мил.ЕУР | 515,5 | 1.051,2 | 535,7 | 103,9 |
| Мил.$ | 610,3 | 1.100,7 | 490,4 | 80,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 74,8 | 72,5 | -2,3 | -3,1 |
| Мил.ЕУР | 1.407,5 | 2.301,0 | 893,5 | 63,5 |
| Мил.$ | 1.674,7 | 2.417,3 | 742,6 | 44,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 33,1 | 28,3 | -4,8 | -14,4 |
| Мил.ЕУР | 174,2 | 168,1 | -6,1 | -3,5 |
| Мил.$ | 207,6 | 177,4 | -30,2 | -14,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 691,0 | 624,3 | -66,7 | -9,7 |
| Мил.ЕУР | 720,0 | 736,0 | 16,0 | 2,2 |
| Мил.$ | 853,0 | 784,7 | -68,3 | -8,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2021 | I-XI-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 662,6 | 712,9 | 50,3 | 7,6 |
| Мил.ЕУР | 495,1 | 634,1 | 139,0 | 28,1 |
| Мил.$ | 586,7 | 671,8 | 85,0 | 14,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 46,4% односно 1.096,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,0% односно 18,5 милиони евра споредено со ноември 2021 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - ноември 2022 година 98,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија,

Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија, Шпанија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 90,1% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува намалување за 0,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,7% и 88,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,5 п.п., а застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,3 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-XI-2021 | | | | | I-XI-2022 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 4.810,6 | 7.697.740.374 | 61,6252 | 474.374.790.119 | 88,5 | 4.970,7 | 9.805.252.147 | 61,6213 | 604.212.384.120 | 88,3 | 2.107.511.773 | 27,4 |
| УСД | 2.073,5 | 1.091.917.045 | 51,2797 | 55.993.178.469 | 10,5 | 1.408,5 | 1.291.912.988 | 58,6334 | 75.749.251.008 | 11,1 | 199.995.944 | 18,3 |
| ГБП | 1,5 | 16.016.584 | 71,1297 | 1.139.254.848 | 0,2 | 1,7 | 18.778.315 | 72,4361 | 1.360.227.877 | 0,2 | 2.761.730 | 17,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.885,6 | | | 531.507.223.435 | 99,0 | 6.380,8 | | | 681.321.863.004 | 99,5 | | |
| вк.извоз: | 6.903,3 | | | 535.804.285.413 | 100,0 | 6.394,0 | | | 684.609.418.203 | 100,0 | | 27,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2022 година изнесуваа 219.316 милиони денари, односно 26,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,3% во однос на истиот период од 2021 година. Во споредба со месец ноември од претходната година, буџетските приходи бележат намалување од 0,9%, додека во месец септември и октомври е забележан годишен раст на приходите од 13,2% и 8,9%, соодветно.

Даночните приходи се реализирани во износ од 127.820 милиони денари и се повисоки за 13,4% во однос на периодот јануари – ноември 2021 година, што се должи на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), увозните давачки, данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Графикон 3.1: Приходи по категории (износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат најголемо учество од 46,7% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 59.670 милиони денари, што претставува зголемување од 12,4% во однос на истиот период во претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од од 100.172 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 40.502 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 24,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 47,4% споредено со периодот јануари – ноември 2021 година). Во структурата на ДДВ, најголемо е учеството на

ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 22,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 27,9%.

Акцизите се остварени во износ од 23.330 милиони денари (учество од 18,3% во даночните приходи), што претставува намалување од 1,3% во споредба со периодот јануари – ноември 2021 година. Со тоа, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 83.000 милиони денари, што претставува 64,9% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – ноември 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 20.552 милиони денари и бележат раст од 16,2% на годишна основа. Притоа, 65,3% од приходите се од плата и други лични примања, 8,5% од приходи од капитал, 8,1% од приходи по основ на договор за дело, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,0% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – ноември 2022 година имаат остварен износ од 14.571 милиони денари, што претставува зголемување од 44,9% во однос на истиот период од претходната година, како резултат на поволните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително зголемување за 50,8%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 49,4%.

Приходите од царина се остварени во износ од 9.081 милиони денари и забележаа зголемување од 18,4%. Приходите од други даноци се остварени во износ од 616 милиони денари во периодот јануари – ноември 2022 година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 68.990 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,0% споредено со периодот јануари – ноември претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за вработување е повисока за 9,1%, кај придонесите за здравствено осигурување за 9,1%, и кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 9,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 15.579 милиони денари и во однос на периодот јануари – ноември 2021 година забележаа повисоко остварување за 26,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствари ја во износ од 2.214 милион денари, што е зголемување за 25,1% во однос на периодот јануари – ноември минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствари ја во износ од 2.821 милиони денари и се пониски за 50,2% во однос на периодот јануари – ноември 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2022 година изнесуваа 243.141 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што е за 7,1% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 223.563 милиони денари учествуваат со 91,9% и се зголемени за 6,8% во однос на периодот јануари – ноември 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 29.165 милиони денари, што претставува зголемување за 3,1% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 17.132 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа раст од 4,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 168.458 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 8,0% споредено со периодот јануари – ноември 2021 година и учествуваа со 69,3% во вкупните расходи.




Графикон 32: Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*
Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 7,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 118.703 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 48,8%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 71.245 милиони денари, што е зголемување за 8,7% споредено со периодот јануари – ноември 2021 година и учествуваат со 29,3% во вкупните расходи. Во категоријата Други трансфери е регистриран раст од 10,5%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 26.914 милиони денари и се зголемени за 12,4%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 18.591 милиони денари, забележаа раст од 6,4% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 19.578 милион денари со структурно учество од 8,1% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 11,3% во споредба со периодот јануари – ноември 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – ноември 2022 година реализираше 49.377 милиони денари или 92,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 33.726 милиони денари или 95,8% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 89,7% (11.158 милиони денари) од планираните за 2022 година.




Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари – ноември 2022 година)*
Извор: МФ.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – ноември 2022 година реализираше вкупно 14.053 милиони денари, односно 71,3% од планираните средства за 2022

година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 69,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 9.728 милиони денари (83,8% од предвидените средства).

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 25.134 милиони денари, што е 85,9% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (62,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 15.665 милиони денари или 90,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,2%, за што се потрошени 4.319 милиона денари, односно 89,0% од вкупно предвидените.

Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4], во периодот јануари – ноември 2022 година реализирани се 23.712 милиони денари, што претставува 78,0% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (8.797 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 37,1%, а притоа се реализирани 94,0% од планираните средства. Значајна ставка е и Отплата на главнина за којашто се издвоени 7.483 милиони денари (64,4% од планираното), односно 31,6% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за внатрешни работи во периодот јануари – ноември 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 10.645 милиони денари, што е 90,4% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 68,2%, за што во овој период се реализирани 7.255 милиони денари (91,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 21,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.255 милиони денари, односно 89,0% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за одбрана вкупно се реализирани 9.019 милиони денари, што претставува 69,9% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 44,5%, за што се потрошени 4.017 милиони денари или 90,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 26,6%, за што се реализирани 2.398 милиони денари или 69,4% од годишниот план.

Во периодот јануари – ноември 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.606 милиони денари, што претставува 86,4% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (91,8%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што се потрошени 6.984 милиони денари или 88,5% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во периодот јануари – ноември 2022 година изврши буџетски средства во износ од 5.749 милиони денари, што е 75,0% од вкупниот буџет за 2022 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество со 45,5%, за што се потрошени 2.617 милиони денари или 74,8% од предвидените средства. Расходите за стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 43,1%, за што во овој период се потрошени 2.477 милиони денари или 74,9% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 3.346 милиони денари, што е 58,1% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи имаат најголемо учество со 72,2%, за што се потрошени 2.417 милион денари или 55,6% од предвидените средства, додека расходите за субвенции и трансфери (со учество од 20,5% од вкупните расходи) се реализирани во износ од 686 милиони денари или 67,9% од предвидените средства за тековната година.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 23.825 милиони денари, што претставува 2,9% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 22.856 милиони денари и претставува 2,7% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – ноември 2022 година изнесува 55,8% од планираниот буџетски дефицит за 2022 година.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во ноември 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 187.433 новозасновани работни односи. Во однос на истиот месец од 2021 година, вкупниот број новововработени лица е зголемен за 4,0%, со што продолжува трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој во август 2022 година беше прекинат. Трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи започна во април 2021 година, меѓу другото, како резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новововработени, 40,6% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во ноември 2022 година, 16,8% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во ноември 2022 година изнесува 160.125, од кои 113.574 се активни баратели на работа, а 46.551 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 14,9%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 441, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

година, откако во цела 2020 година па се до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,5%) се градско население, а според половата структура 48,5% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,2%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,6% се со завршено средно образование, додека 8,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 61,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 11,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2022 година оствари годишен раст од 13,6%, а во однос на септември 2022 година истата е повисока за 1,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на октомври 2021 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (19,6%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (19,3%) и Преработувачка индустрија (17,6%). Реалните плати во октомври 2022 година забележаа годишен пад од 5,2%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 13,8%, а на месечна основа истата е повисока за 1,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во октомври 2022 година во однос на октомври 2021 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (20,3%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (19,7%) и Преработувачка индустрија (18,0%). Реалната бруто-плата во октомври забележа годишен пад од 5,0%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Пензии

Во ноември 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 332.239 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,0% се корисници на старосна пензија, 22,5% се корисници на семејна пензија и 8,6% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во ноември 2022 година изнесува 17.501 денари и истата е за 10,6% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,9%.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
(корисници во единици; просечна пензија во денари)




Извор: ФПИОСМ

Просечната старосна пензија во ноември 2022 година изнесува 18.911 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 15.647 денари, а просечната семејна пензија 13.882 денари. За исплата на пензиите во ноември 2022 година се потрошени 5.756 милиони денари, што претставува 51,4% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во ноември 2022 година, како одговор на растечката инфлација, Народната банка повторно ја зголеми основната каматна стапка за 0,75 п.п. и истата изнесува 4,25%, откако претходно ја зголеми во октомври за 0,5 п.п. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

На седницата одржана во ноември, согласно со зголемувањето на основната каматна стапка, Народната банка ги зголеми каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,75 п.п. на ниво од 2,15% и 2,20%, соодветно.

## Примарни пари

Во ноември 2022 година, примарните пари[6] се зголемија за 5,1% на годишно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 10,7%, додека готовите пари во оптек регистрираа пад од 0,1%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,6%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 4,7%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,3%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(ноември 2022 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во ноември 2022 година се зголемија за 1,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатија се зголемија за 6,2%, додека депозитите на домаќинствата останаа непроменети.

Од аспект на валутата, во ноември 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување од 1,9% и 1,6%, соодветно.




Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2022 година оствари раст од 5,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 1,2% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 10,1%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 4,3%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,3%

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 8,7%, а долгорочните депозити се намалија за 4,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 54,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2022 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***479.109*** | ***1,7%*** | ***5,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *263.003* | *1,9%* | *1,2%* |
| *Странска валута* | *216.106* | *1,6%* | *10,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *212.513* | *1,6%* | *8,7%* |
| *Долгорочни* | *94.605* | *0,5* | *-4,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***417.121*** | ***0,4%*** | ***9,6%*** |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *239.405* | *0,1%* | *6,2%* |
| *Странска валута* | *177.716* | *0,8%* | *14,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *69.947* | *-0,1%* | *16,5%* |
| *Долгорочни* | *331.659* | *0,7%* | *9,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.476* | *-5,1%* | *-2,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во ноември 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон домаќинствата и кон претпријатијата се зголемија 0,5% и 0,2 соодветно.

Од аспект на валутата, во ноември 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,1%, а девизните кредити за 0,8%.

На годишна основа, во ноември 2022 година вкупните кредити се зголемија за 9,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,5% и раст на кредитите кон претпријатија од 12,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,2%, а кредитите во странска валута за 14,6%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,1%, а краткорочните кредити од 16,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,41%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 4,69%, а каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и изнесува 4,09%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2022 година се зголеми за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,77%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,18%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,47%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 66,7% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 10,1% и падот на прометот од блок трансакциите за 75,5%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*



Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2022 година изнесуваше 304,4 милион денари и истиот е намален за 75,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2022 година изнесуваше 5.557,94 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 5,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2022 година изнесуваа 3.824,28 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 1,9%, а во однос на ноември 2021 година се зголемија за 7,1%.